Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневните настани 09.04.2023

На 09.04.2023 во 01.45 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Ч.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.04.2023 во 04.15 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Х.Ф.(21) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.04.2023 во 00.50 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода В.Б.(33) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.04.2023 во 01.00 часот во близина на угостителски објект во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода К.Р.(24) од Охрид затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 22.45 часот пред угостителски објект на подрачје на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода Т.Х.(27) од Република Хрватска затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 21.50 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Б.Л.(25) од с.Долно Палчиште, тетовско и Е.И.(24) од с.Голема Речица, тетовско. затоа што при преглед кај нив и во возилото во кое се превезувале била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 21.00 часот во с.Горно Палчиште, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода С.Б.(19) од с.Горно Палчиште затоа што при преглед во возилото во кое се превезувал, кај него била пронајдена и одземене марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 17.35 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Т.(34) од Скопје. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени воздушен пиштол калибар 4.5 мм со една рамка и две воздушни пушки. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Е.Ш.(21) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 27.02.2023 во Дебар, полициски службеници го затекнале пријавениот при вршење јавен превоз со патничко возило без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз издадена од надлежен орган.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Е.А.(27) од село Велушина, битолско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „употреба на фалсификувана исправа". На 22.01.2023 во Битола, при контрола на полициски службеници, пријавениот на увид дал возачка дозвола која била оштетена со остар предмет во делот каде што бил впишан датумот на забрана за управување на моторно возило со „Б" категорија.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (08.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 145 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 72 санкции, четири мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

Во текот на изминатата вечер (08/09.04.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата биле санкционирани 81 возачи. Од нив 10 на територија на Битола, 64 во Прилеп, по 3 во Демир Хисар и Крушево и 1 во Македонски Брод. За време на контролата биле санкционирани и 86 други видови прекршоци.

На 08.04.2023 околу 20.00 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на локалниот пат Кавадарци-Ресава, на место викано „Криви Дол" кај Тиквешко Езеро, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со кавадречки регистарски ознаки, управувано од П.А.(42) од Кавадарци и патничко возило „ауди" со кавадречки регистарски ознаки, управувано од Ј.Т.(43) од с.Бегниште, кавадречко. Во несреќата возачот Ј.Т. се здобил со тешки телесни повреди, додека возачот П.А., сопатничката В.А.(35) и малолетна сопатничка во возилото „голф" се здобиле со телесни повреди, констатирани во Јавната здравствена установа Кавадарци. Увид извршила екипа од ОВР Кавадарци.

На 08.04.2023 околу 22.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Васил Чакаларов" и ул.„Ангел Динев" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.М.(39) од Скопје и автобус на ЈСП Скопје „јутонг" со скопски регистарски ознаки, управуван од З.Р.(51) од Волково, скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на патничкото возило Т.М. и неговата сопатничка Е.К.(36) од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила екипа на СВР Скопје.

На 08.04.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Центар, В.Н.(28) од Скопје пријавил дека во Парк-Капиштец неговата малолетна керка била каснат од куче скитник.

На 08.04.2023 во 14.20 часот во СВР Битола, Д.Н.(35) од Битола пријавил дека на ул. „Генерал Васко Карангелевски" бил каснат од куче скитник.

На 08.04.2023 во 20.00 часот во СВР Куманово, Н.С.(81) од Куманово пријавил дека на ул.„Пиринска Македонија" бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Ј.У.(32) од Дојран поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материјали". Пријавениот извршил механичка интервенција на пиштол за светлосно-звучна сигнализација и го модифицирал во огнено оружје за кое немал дозвола.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(23) од село Слатино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги и психотропни супстанци". На 29.05.2022 во село Жилче, полициски службеници запреле патничко возило „ауди", управувано од пријавениот, во кое биле две лица од истото село, при што тој од прозор фрлил отпушок со марихуана. По преземени мерки било утврдено дека А.М. на едно од лицата му овозможил да користи од дрогата.

На 08.04.2023 околу 17.00 часот во Струга, по завршување на фудбалскиот натпревар помеѓу екипите на Караорман од Струга и Охрид во рамки на Втората фудбалска лига бил нарушен јавниот ред и мир од повеќе лица од навивачка група од Охрид, при што бил оштетен дел од инвентарот на стадионот. Притоа, при преземање мерки со повреди се здобиле пет полициски службеници од Полициската станица Струга. По целосно документирање и расчистување на случајот, ОВР Струга ќе поднесе соодветни пријави.

На 09.04.2023 во 02.05 часот во угостителски објект на подрачје на Центар, полициски службеници го привеле М.С.(43) од Скопје затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 09.04.2023 во 01.35 часот во близина на угостителски објект во Градски парк во Скопје, полициски службеници го привеле З.М.(43) од Скопје затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 03.00 часот пред угостителски објект во Неготино, полициски службеници од Полициската станица Неготино го лишиле од слобода Б.М.(22) од Неготино затоа што агресивно се однесувал и снимал полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 21.15 часот на бул.„Партизански одреди" во Скопје, полициски службеници го привеле Б.Ј.(30) од Гостивар затоа што по сторен сообраќаен прекршок не почитувал наредба на полициски службеници и се обидел да избега. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 18.00 часот во казино на ул. „Никола Вапцаров" во Скопје, полициски службеници го привеле Б.П.(69) од Скопје затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.04.2023 во 13.30 часот во Парк шума Гази Баба во Скопје, полициски службеници го привеле Ј.Б.(18) од Скопје затоа што не почитувал наредба на полициските службеници и се обидел да избега. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.04.2023 околу 15.00 часот во СВР Велес било пријавено дека во Општа болница Велес со повреди бил донесен З.А.(55) од Велес. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при извршување работни задачи во фабрика во Велес. За настанот бил известен трудов инспектор.

На 08.04.2023 околу 09.00 часот во СВР Велес било пријавено дека во угостителски бојект во Велес со повреди се здобила Ж.Д.(54) од Велес при извршување работни задачи. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2023 во 23.46 часот во СВР Куманово било пријавено дека пред угостителски објект во Крива Паланка бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Б.(61) и М.М.(44), двајцата од Крива Паланка. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 08.04.2023 околу 20.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Димитрие Туриманџовски" во Скопје, по претходно недоразбирање во сообраќајот, настанала физичка пресметка помеѓу Н.С.(35) и Д.С.(35), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.04.2023 во 16.50 часот во СВР Струмица, Т.Х.Т.(38) од Струмица пријавил дека околу 15.30 часот бил физички нападнат од Г.Ј.(51) од Скопје. Исто така, во СВР Струмица Г.Ј. пријавил дека во два наврати, во 16.00 и во 18.40 часот во Струмица бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.04.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје, Б.Н.(41) од Скопје пријавил дека на 07.04.2023 околу 12.00 часот на ул.„Петар Георгиев" неговиот малолетен син бил физички нападнат од двајца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.04.2023 во 19.30 часот во ОВР Кочани, П.А. од Кочани пријавила дека настанала физичка пресметка помеѓу нејзиниот малолетен син и друг малолетник од Кочани. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.04.2023 во 09.35 часот во ОВР Кочани било пријавено дека ноќта помеѓу 07 и 08.04.2023 биле оштетени четири надгробни споменици на Градските гробишта во Кочани. Уви бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.04.2023 во 23.03 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 22.30 часот на ул.„Арсени Јовков" настанал пожар во куќа сопственост на С.Д.(37). Од пожарот бил зафатен и дел од куќата сопственост на А.С.(41). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 09.04.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во 00.45 часот с.Осинчани, скопско, настанал пожар во патничко возило „дачија" со скопски регистарски ознаки, сопственост на В.Т.(59). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 08.04.2023 во 13.30 часот во ОВР Струга, од Казнено-поправната установа во населба Теферич во Струга било пријавено дека починал затвореникот Б.И.(40) од Струга. Извршен бил увид, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 09.04.2023 во СВР Скопје бил пријавено дека во 01.45 часот на ул.„Цветан Димов" во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „ауди а4" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Р.(21) од с.Бардовци, скопско, патничко возило „опел мерива" со скопски регистарски ознаки, управувано од К.Н.(27) од Скопје и патничко возило „шкода октавија", сопственост на МВР. Во незгодата со телесни повреди се здобил возачот Д.Р., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 08.04.2023 во 21.34 часот во СВР Скопје, А.Н.(18) од Скопје пријавил дека во близина на угостителски објект во Градски парк бил физички нападнат од неколку лица, кои му барале пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.04.2023 во 00.30 часот во СВР Скопје, од СОС Детско Село било пријавено дека од домот се одвоиле корисниците К.А.(17) и А.Ѓ.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

На 08.04.2023 во 18.15 часот во СВР Велес, Д.А.(23) од Штип пријавил дека на ул. „Благој Горев" во Велес бил каснат од куче скитник.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет